**20150562079**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 април 2015 година.

Бр. 08-1607/1
6 април 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ**

Член 1

Во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија" број 37/1997, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14 и 113/14), по членот 98-в се додаваат пет нови членови 98-г, 98-д, 98-ѓ, 98-е и 98-ж, кои гласат:

„Член 98-г

Работодавачот од приватниот сектор, по претходно поднесено барање до Агенцијата, ќе биде ослободен од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и/или персонален данок на доход, доколку ги исполни следниве општи услови:

- невработеното лице кое сака да го вработи, во последните две години да не било претходно вработено кај истиот работодавач кој ќе користи мерка за ослободување од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и/или персонален данок на доход;
- да не го намалил бројот на вработени лица сметано од 15 март 2015 година до денот на вработувањето на нови работници, согласно со мерките од членовите 98-д и 98-ѓ од овој закон, освен во случај на смрт или пензионирање. Доколку работодавачот го зголемил бројот на вработени лица сметано од 15 март 2015 година до денот на вработувањето на нови работници, согласно со мерките од членовите 98-д и 98-ѓ од овој закон, да не го намалил вкупниот број на вработени лица до денот на вработувањето на новите работници и



www.pravdiko.mk

- да нема неисплатени плати, придонеси од задолжително социјално осигурување и даноци повеќе од два последователни месеца, што се докажува со потврда издадена од Управата за јавни приходи од страна на работодавачот или по пат на размена на податоци по службена должност преку Агенцијата.

Член 98-д

Невработено лице за кое работодавачот ќе биде ослободен од плаќање на персонален данок на доход и придонеси од задолжително социјално осигурување е:

-невработено лице до 35 години возраст, кое што претходно немало засновано работен однос или

-невработено лице до 35 години возраст кое имало претходно засnован работен однос, но пред вработувањето согласно со мерката од овој член немало засnован работен однос најмалку три месеци.

Ослободувањето од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и персонален данок на доход се однесува на период во траење од 36 месеци сметано од денот на вработувањето.

Работодавачот е должен да го задржи лицето од ставот 1 на овој член уште 12 месеци, по истекот на периодот за којшто е ослободен од плаќање придонеси од задолжително социјално осигурување и персонален данок на доход.

Договорот за вработување се потпишува на неопределено време, со полно работно време.

Ослободувањето од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и персонален данок на доход на месечна основа се однесува до просечна бруто плата за претходната година објавена од Државниот завод за статистика, а разликата над просечната бруто плата за придонеси од задолжително социјално осигурување и персонален данок на доход ја пресметува и плаќа работодавачот.

Член 98-ѓ

Невработено лице за кое работодавачот ќе користи ослободување од плаќање на придонеси на задолжително социјално осигурување е:

- невработено лице на возраст од 35 до 50 години, кое во последните 15 години било најмалку 10 години невработено и најмалку три месеци пред вработувањето немало засnован работен однос согласно со мерката предвидена во овој член;

- невработено лице на возраст над 50 години и

- невработено лице кое е родител на три или повеќе деца и кое најмалку три месеци пред вработувањето немало засnован работен однос, самохран родител и член на еднородителско семејство кое најмалку три месеци пред вработувањето немало засnован работен однос, примтели на социјална парична помош, деца без родители и родителска грижа, жртви на семејно насилство, инвалидно лице со утврдена инвалидност согласно со Закон за вработување на инвалидни лица и лице со утврдена намалена работна способност или професионална неспособност за работа за 50% согласно со прописите од пензиското и инвалидското осигурување, професионални војници на кои им престанал работниот однос согласно со Законот за служба во Армијата на Република Македонија и родители на деца со пречки во развојот кои се корисници на посебен додаток најмалку три месеци пред вработувањето согласно со мерката од овој член.

- невработено лице на возраст над 58 години кое во последните две години пред вработувањето согласно со мерката од овој член, немало засновано работен однос.

Работодавачот кој ќе вработи лице од ставот 1 алинеја 1 на овој член е ослободен од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување во траење од 60 месеци од денот на вработувањето. Работодавачот е должен да го задржи лицето од ставот 1 алинеја 1 на овој член уште 12 месеци, по истекот на периодот во којшто е ослободен од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување.

Работодавачот кој ќе вработи лице од ставот 1 алинеи 2 и 3 на овој член е ослободен од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување во траење од 60 месеци од денот на вработувањето.

Работодавачот кој ќе вработи лице од ставот 1 алинеја 4 на овој член е ослободен од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување до исполнување на условите за стекнување на правото на старосна пензија.

Договорот за вработување за лицата од ставот 1 на овој член треба да биде склучен на неопределено време, со полно работно време.

Ослободувањето од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување, за лицата од ставот 1 на овој член, на месечна основа се однесува до просечна бруто плата за претходната година објавена од Државниот завод за статистика, а разликата над просечната бруто плата за придонесите од задолжително социјално осигурување ја пресметува и плаќа работодавачот.

Член 98-е

Користењето на мерките од членовите 98-д и 98-ѓ од овој закон ќе престане доколку работодавачот кој по вработувањето на лица согласно со мерките од членовите 98-д и 98-ѓ од овој закон, има долг по основ на неисплатена плата, придонеси од задолжително социјално осигурување и даноци за два последователни месеца.

Работодавачот од ставот 1 на овој член е должен да го плати износот на средства за кој бил ослободен од плаќање за изминатиот период.

Работодавачот кој нема да го задржи лицето од член 98-д и член 98-ѓ став 1 алинеја 1 од овој закон за уште 12 месеци по истекот на периодот за којшто е ослободен од плаќање придонеси од задолжително социјално осигурување и/или персонален данок на доход е должен во рок од 30 дена да го уплати износот на средства за кој бил ослободен од плаќање за изминатиот период.

Работодавачот е должен да не го намали бројот на вработени за целиот период за кој е ослободен од плаќање на придонесите за задолжително социјално осигурување и/или персонален данок на доход, освен во случаи на смрт или пензионирање.

Работодавачот е должен да не го намали бројот на вработени за кои не користи ослободување за целиот период за кој е ослободен од плаќање на придонесите за задолжително социјално осигурување и/или персонален данок на доход, освен во случаи на смрт или пензионирање.

Доколку работодавачот го откаже договорот за вработување од основани причини согласно со Законот за работните односи, е должен во рок од 30 дена на негово место да вработи друго невработено лице од истата категорија за преостанатиот период за којшто користи ослободување од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и/или персонален данок на доход и преостанатиот период за кој има обврска да го задржи лицето во работен однос.

Ослободувањето од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и/или персонален данок на доход од членовите 98-д и 98-ѓ од овој закон се однесува и за самовработено лице кое се вработило согласно со мерките од овој закон.

Член 98-ж

Евиденцијата на работодавачите од приватниот сектор, невработените лица и самовработените лица од членовите 98-д и 98-ѓ од овој закон ја води Агенцијата.

Агенцијата најдоцна секои 30 дена ќе доставува податоци до Управата за јавни приходи, за работодавачите од приватен сектор - корисници на мерките од членовите 98-д и 98-ѓ од овој закон, со цел Управата за јавни приходи да преземе мерки согласно со своите законски надлежности.

Управата за јавни приходи по утврдување на постоење на долг по основ на неисплатена плата, придонеси од задолжително социјално осигурување и даноци за два последователни месеца, за работодавач - корисник на мерките од член 98-д и член 98-ѓ од овој член, ќе започне постапка за наплата на износот на средствата за кои работодавачот бил ослободен од плаќање согласно со закон, а на работодавачот му престанува ослободувањето од плаќање придонеси од задолжително социјално осигурување и/или персонален данок на доход.“

Член 2

Барањата за ослободувања од плаќање на придонеси на задолжително социјално осигурување и/или персонален данок од доход ќе можат да се поднесат најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, во кој период ќе треба да започне и користењето на ослободување од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и/или персонален данок од доход по поднесеното барање.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



www.pravdiko.mk